**Инфо билтен – октомври 2024**




## Повици

Проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" предводен од Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест, а финансиран од Шведска, објавува ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТОВИ. Повеќе....

## #ЗаедноЗаКлиматскаАкција

На почетокот од октомври заедно со колеги од други организации направивме преглед на напредокот во реализацијата на Поглавјето 27 - Животна средина и климатски промени, приложени во Извештајот во сенка за 2023 година.

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Доколку вашата организација или институција има објавено документи и публикации поврзани со климатските промени и сродни теми во изминатите 5 години (од 2019 година наваму) и истите се јавно достапни, публикувани и објавени онлајн, ве молиме да ги споделите преку оваа кратка анкета.

**Енергија**

Во Скопје беше одржана конференција за „Европските и регионални преспективи за напуштање на фосилниот гас" на која експерти и претставници од регионот и Македонија упатија повик до владите и инвеститорите да го забрзаат преминот кон обновливи извори на енергија за да не бидат заробени во технологија и енергенси кои се минато, во време кога Европа се движи кон постфосилна ера.

Претставници од граѓански организации и универзитети од Битола учествуваа на студиска посета во регионите со јаглен во Северна Грција со цел да се истражат искуствата на соседната земја во спроведувањето на процесот на енергетската транзиција.

Споделуваме серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

**Води**

Еко-свест во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање го започна процесот за изработка на Студија за валоризација на природните вредности на Демир Капија, како прв чекор кон прогласувањето на заштитено подрачје во Демир Капија.

Месецов работевме напорно со нашите партнери за да ги продлабочиме знаењата за еколошкиот проток на реките и како подобро да ги заштитиме.

CrowdWater е едноставна мобилна апликација која ви овозможува да ги евидентирате промените во нивото на вода во реките, брзината на протокот,

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

квалитетот на водата и условите на околниот екосистем – сето тоа со вашиот паметен телефон! Преземете ја апликацијата веднаш.

### Заштита на природа

Еко-свест стана полноправна членка на големото семејство на Меѓународната унија за заштита на природата – International Union for Conservation of Nature (IUCN).

Објавено е известување за почеток на процесот за подготовка на Закон за природа на електронскиот систем ЕНЕР, со временска рамка до крајот на 2024 година. Можност за сите заинтересирани и засегнати страни да се вклучат во консултативниот процес.

Европски пакт за иднината – нов зелен и социјален договор за одговорна и одржлива економија во Европа. Поддржете ја оваа иницијатива!

### Еко-свест Вевчани

Еко-свест со истражување на популацијата на питом костен (Castanea sativa) во Споменикот на Природа Вевчански Извори преку анализа на теренски и лабораториски резултати.

Партнерите во прекуграничниот проект за заштита на кафеавата мечка

ги здружија силите за заеднички да ги промовираат напорите за зачувување на кафеавата мечка во југозападен Балкан.

### Публикаци

Извештај во сенка за 2023 година – збир на заклучоци и препораки во седум клучни потпоглавја од Поглавјето 27

Планови за гасификација и опции за загревање на домаќинствата во Македонија (2023)

Потсетување! Ако имате публикации поврзани со климатски промени кои се објавени онлајн, кажете ни кои се, за да ги споделуваме понатаму преку веб-страницата на Коалицијата за клима.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

**Медиуми**

Смрт во најава за реката Дошница

Дали ЕУ ќе ја спасува Македонија од новата еколошка такса?

Граѓанските организации ја повикуваат Европската Комисија да ја зајакне поддршката за праведна транзиција

**Разно**

Изумираат инженерските професии кои се тесно поврзани со користењето на фосилни горива.

Резервоарите, фармите и површините покрај патиштата би можеле да станат нови места за соларни панели кои во Швајцарија ќе бидат поставени по должината на пругата како тепих?!

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.